**Република Македонија**
**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ**
**НА МАКЕДОНИЈА**
**Број: 02-10222/2**
**26.12.2006 год.**
**С к о п ј е**

**ЗАПИСНИК**
**од VII-та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,закажана како итна,**

*одржана на 26.12.2006 година во 12:00 часот, во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Аљбон Џемаили, претставник од Министерството за здравство- претседател ;*
- *Тони Димовски, раководител на Сектор-Буџет во Министерството за финансии- заменик претседател;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, доктор на стоматологија, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *М-р Маријана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија- член;*
- *М-р Борис Јосифовски, пензионер, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија- член;*
- *Д-р Владо Ванковски, претставник од Стоматолошката и Лекарската комора на Македонија-член.*

***ПРИСУТНИ ОД ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ*
- *Д-р Љатиф Аљиљи, заменик директор на ФЗОМ*
- *Герасим Тренчевски, пом.директор за план и анализа (делумно присутен)*
- *Мирјана Масевска, лице задолжено за протокол*
- *Златко Алексов (делумно присутен)*

*Пред започнување на седницата, на присутните членови на Управниот одбор им беа поделени:*

- *Покана за седмата седница;*
- *Записник од шестата седница на УО на ФЗОМ;*
- *Предлог-одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат на рецепт во примарна здравствена заштита;*
- *Предлог-одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија и кои се издаваат во болничка здравствена заштита.*

*Аљбон Џемаили ја отвори седницата, го констатира оправданото отсуство на член на УО Трајче Леов и* ***го предложи*** *следниот*

***П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

*- усвојување на записник од шестата седница на УО, оджана на 15.12.2006 година*

1. *Предлог-одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во примарна здравствена и болничка здравствена заштита, согласно Законот за јавни набавки.*
2. *РАЗНО*

*Членовите на Управниот одбор на ФЗОМ едногласно го прифатија и усвоија предложениот*

***Д Н Е В Е Н   Р Е Д***

- ***усвојување на записник од шестата седница на УО, оджана на 15.12.2006 година***

1. ***Предлог-одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во примарна и болничка здравствена заштита, согласно Законот за јавни набавки.***
2. ***РАЗНО***

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- ***Усвојување на записникот од шестата седница на УО, одржана на 15.12.2006 година***

*Д-р Владо Ванковски имаше забелешка на изменета содржина на записникот (на делот што се однесува на позитивната листа и побара писмено известување а не само усно објаснување, зошто е повлечена новата проширена позитивна листа) и на ненавремено доставување на записниците и другите материјали кои се однесуваат на конкретни седници. Тој побара на седниците да се води и тонски запис.*

*Со оглед дека д-р Ванковски не присуствуваше на претходната седница, објаснето му беше дека, според Министерството за здравство, нема доволно средства за да се оди со толку проширена позитивна листа и дека за истата е неопходна Cost-Benefit анализа, како и усогласување на ставовите помеѓу Министерството за здравство,Министерството за финансии и Фондот за здравствено осигурување на Македонија.*

*Незадоволен од усно образложение, д-р Владо Ванковски ја напушти седницата.*

*Членовите на Управниот одбор, во преостанатиот состав, **едногласно го усвоија записникот од шестата седница**, со корекции на текстот кои не се од суштинска природа. М-р Маријана Лончар Велкова побара:*

- *во делот на заклучоците од точка 1, под 2 да се додаде ,,со усогласени ставови на релација Министерство за здравство-Министерство за финансии-Фонд,,*

***ТОЧКА 1 -** Предлог-одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија во примарна и болничка здравствена заштита, согласно Законот за јавни набавки.*

*Директорот на Фондот Георги Тренкоски, ја образложи потребата од итно распишување на меѓународниот тендер за лекови, аргументирајќи ја со пристигнатото писмо од Светска банка, во кое е поставено прашањето зошто досега тоа не е сторено и инсистирање од нивна страна тоа да се направи во најкус можен рок.*

*Неговата дискусија ја поддржа Тони Димовски, претставник од Министерството за финансии, кој напомена дека на минатата седница беше дискутирано околу 33-те генерики кои не се во целост апсолвирани од страна на Светска банка, што беше една од причините на тендерот да се оди со сега важечката позитивна листа, а новата и понатаму да се следи и допрецизира. Новата позитивна листа треба да биде поткрепена со издржана финансиска анализа, со вклучување на стручни лица од таа сфера при нејзината изработка. Во моментов ние имаме аранжманска обврска спрема Светска банка и оттука произлегува приоритетот за итно отпочнување на постапката за распишување на меѓународниот тендер за лекови во примарната и болничката здравствена заштита.*

*М-р Маријана Лончар Велкова и м-р Борис Јосифовски се интересираа за временскиот период потребен за финиширање на новата позитивна листа, со елиминирање на недостатоците, се во интерес на осигурениците и одговорноста што членовите на Управниот одбор ја чувствуваат спрема нив. Потребно е таа да се донесе во најкус можен рок, како би се фатил приклучок со наредниот тендер и со нејзино up-date-увaње секои 6(шест) месеци или еднаш годишно.*

*Директорот на ФЗОМ рече дека се очекува тој период да се сведе на два до три месеци, период што е потребен и за изработка на Cost-Benefit анализата и усогласување на ставовите помеѓу двете министерства, од една страна и Фондот, од друга страна.*

*Златко Алексов го информираше УО на ФЗОМ околу законскиот тек на регулативата (чл.13 од Законот за јавни набавки) и за роковите кои ние треба да ги испочитуваме.*

*Во дискусијата зедоа учество: заменик-директорот Љатиф Аљиљи и претседателот на УО, Аљбон Џемаили.*

*Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

1. ***УО на ФЗОМ донесе Одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, согласно Законот за јавни набавки:***

***а) Одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои се издаваат на рецепт во примарна***

***здравствена заштита и***

***б) Одлука за спроведување постапка за распишување на меѓународен тендер за набавка на лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија кои се издаваат во болничката здравствена заштита.***

***2. На тендерот да се оди со важечката листа од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија , со издвојување на невалидните лекови.***

***3. Новата позитивна листа на лекови да биде готова во најкус можен рок (месец март),поддржана со сериозна финансиска анализа (Cost-Benefit) и усогласени ставови на релација Министерство за здравство-Министерство за финансии-Фонд за здравствено осигурување на Македонија.***

***ТОЧКА 2 - РАЗНО***

*Директорот на Фондот Георги Тренкоски ги информираше членовите на Управниот одбор за барањата што ги има Здружението на гинеколозите на Македонија за промена на капитациониот бод што, според нив, е премногу низок и го доведува во прашање нивното опстојување. Тој, на средбата со нив, понудил 6 (шест) заклучоци за идна соработка, кои најпрво ќе се дадат на разгледување на Управниот одбор на Фондот. Притоа нагласи дека основната определба на Фондот е подобрување на здравствените услуги за осигурениците и консолидација на Фондот.*

*Во дискусијата зедоа учество д-р Љубиша Каранфиловски, м-р Борис Јосифовски и м-р Маријана Лончар Велкова.*

*Управниот одбор на ФЗОМ едногласно донесе*

***З а к л у ч о к:***

***Да се направи сеопфатна анализа за просечен број прегледи и просечен број трошоци, врз основа на ревидирани податоци земени од РЗЗЗ.***

*Управниот одбор заврши со својата работа во 14:30 часот.*

***Записничар,***
*Мирјана Масевска*

***Управен одбор,***
***претседател,***
***Аљбон Џемаили***